З А П И С Н И К
Од 15 - та седница на Советот на Општина Велес
која се одржа на 09.09.2026 година

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 22 членови на Советот.

Потоа ја отвори 15-та седница на Советот на Општина Велес, која започна во 10:18 часот.

Пред да го прочита предложениот дневен ред, претседателот го стави на расправа Записникот од 14-та седница на Советот на Општина Велес. За расправа не се јави никој.

Се премина кон гласање на Записникот од 14-та седница и по гласањето се утврди дека од 22 присутни, со 19 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ беше усвоен Записникот од 14-та седница на СОВ.

Претседателот на Советот ги прочита точките кои се предложени во следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1.Советнички прашања;
2.Предлог-одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес по повод одржувањето на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино-Питијада“.
3.Предлог – одлука за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- културната манифестација „Детски Рацинови средби“;
4.Предлог - одлука за донесување на ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО Велес, Општина Велес;
5.Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 17 од ДУП: измена и дополнување на детален урбанистички план Речани - Зона 2 - Велес со намена А1 – Домување во куќи, Општина Велес;
6.Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1108 КО Башино Село, Општина Велес;
7.Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1109 КО Башино Село, Општина Велес;
8.Предлог – решение за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозник Ален 2000 ДООЕЛ;
9.Предлог – одлука за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес;
10.Извештај за финансиски резултати на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година;
11.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес за 2027 година;
12.Годишен извештај за работата на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес во учебната 2025/2026 година;
13.Предлог – Годишна програма за работа на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2026/2027 година;
14.Годишен извештај за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес во учебната 2025/2026 година;
15.Предлог – Годишна програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес за учебната 2026/2027 година;

16.Годишен извештај за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес во учебната 2025/2026 година;
17.Предлог – Годишна програма за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес за учебната 2026/2027 година;
18.Извештај за финансиски резултати на ЈКП „Дервен“ за период од I до VI месец 2026 година;
19.Предлог – решение за разрешување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес;
20.Предлог – решение за именување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес;
21.Предлог – решение за разрешување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес;
22.Предлог – решение за именување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес;
23.Предлог – решение за разрешување замениците членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
24.Предлог – решение за именување замениците членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;

Претседателот наведе дека до него е доставено Барање за дополнување на дневен ред од Градоначалникот со бр.09-3727/3 од 07.09.2026 год со точка - Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот и начинот на доделување на локациите за време на одржување на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - Питијада“.

Се премина кон гласање на точката - Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот и начинот на доделување на локациите за време на одржување на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - Питијада“.

По гласањето се констатираше дека од 21 присутен член на Советот, со 16 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ точката го доби потребното мнозинство за да стане дел од Дневниот ред за денешната седница под ред.бр.3.

Претседателот наведе дека има измена во наслов во точка 3. Предлог – одлука за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- културната манифестација „Детски Рацинови средби“ и истата треба да гласи: Предлог–одлука за отстапување на правото на реализирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“ ;

Предложениот дневен ред, се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 21 присутен членови на Советот, со 18 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се усвои следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1.Советнички прашања;
2.Предлог-одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес по повод одржувањето на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино-Питијада“.
3.Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот и начинот на доделување налокациите за време на одржување на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - Питијада“
4. Предлог–одлука за отстапување на правото на реализирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“;
5. Предлог - одлука за донесување на ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО Велес, Општина Велес;

6. Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 17 од ДУП: измена и дополнување на детален урбанистички план Речани - Зона 2 - Велес со намена А1 – Домување во куќи, Општина Велес;
7.Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1108 КО Башино Село, Општина Велес;
8.Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1109 КО Башино Село, Општина Велес;
9.Предлог – решение за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозник Ален 2000 ДООЕЛ;
10.Предлог – одлука за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес;
11.Извештај за финансиски резултати на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година;
12.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес за 2027 година;
13.Годишен извештај за работата на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес во учебната 2025/2026 година;
14.Предлог – Годишна програма за работа на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2026/2027 година;
15.Годишен извештај за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес во учебната 2025/2026 година;
16.Предлог – Годишна програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес за учебната 2026/2027 година;
17.Годишен извештај за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес во учебната 2025/2026 година;
18.Предлог – Годишна програма за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес за учебната 2026/2027 година;
19.Извештај за финансиски резултати на ЈКП „Дервен“ за период од I до VI месец 2026 година;
20.Предлог – решение за разрешување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес;
21.Предлог – решение за именување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес;
22.Предлог – решение за разрешување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес;
23.Предлог – решение за именување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес;
24.Предлог – решение за разрешување замениците членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
25.Предлог – решение за именување замениците членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;

Се премина кон расправа на точките:

ТОЧКА 1.Советнички прашања

Јованче Манасков

1.Кога граѓаните на урбана заедница Шорка ќе добијат редовна автобуска линија и кога реално се очекува да започне со функционирање?

2.Дали Општина Велес планира реконструкција и уредување на тротоар на ул.Вардарска во населба Шорка, со поставување на сообраќајна сигнализација, дали ќе се постават пешачки

премини и дали ќе се наместат клупи, бидејќи станува збор за безбедноста на граѓаните, особено за учениците кои што одат на училиште. Доколку е планирано, кога конкретно планирате да се започне?

3.Согласно поднесена Иницијатива пред пет месеци во врска со бесправно изграден парапет на ул.Асном, нема никаква промена на терен. Дали и кога Општина Велес ќе го реши проблемот со атмосферските води? (конкретни датуми и рокови)

4.Во с.Карласлари близу фабриката „Маркарт“ жителите се жалат дека 150м. нема поставено канализација. Дали имате нешто превземено во врска со тоа и кога планирате? Дали сега додека се изведуваат водоводни работи на истата улица, ќе биде изготвена и канализациска мрежа за подоцна повторно да не се прекопува улицата?

5.Како треба да постапи граѓанин кога на улица ќе затекне повредено куче, каде поточно треба да се обрати, на кој телефонски број или емаил адреса, која служба и кој субјект е должен да излезе на терен. Дали постои забрзана постапка за итен ветеринарен третман?

Градоначалникот се произнесе дека писмено ќе одговори на сите прашања.

Димче Ацков

1.Хоризонтална сообраќајна сигнализација неодамна беше обновена, но дел од ознаките веќе не се гледаат бидејќи не се чисти од прашина, нечистотии и масностии на улиците особено во делот кај контејнерите. Според програмите за чистење на улиците, тие треба да се чистат 12 пати во годината. Дали улиците се мијат редовно, според предвидената програма, кога ќе се измие ул. Благој Ѓорев(од кружниот тек до Пошта) и каков е планот за миење на улиците во наредниот период? (одговорено од Градоначалник)

2.Во Велес има доста оштетени контејнери за комунален отпад и истите имаат непријатна миризба. Во топлиот период ова претставува и санитарен проблем. Кога ќе се поправат или заменат оштетените контејнери? Дали се мијат и дезинфицираат? Дали во топлите месеци може да се воведе редовно миење и дезинфекција? (одговорено од Градоначалник со напомена дека за повеќето прашања надлежно е ЈКП Дервен)

3.Контејнери за електричен отпад. Дел од нив се оштетени и граѓаните немаат информации што точно може да стават во тие контејнери. Ако веќе имаме ваков тип на контејнери треба да бидат функционални, а граѓаните да знаат како да ги користат. Кога ќе се поправат или заменат оштетените контејнери? Кој ги празни и колку често и дали може со сметките од ЈКП „Дервен“ да се достави кратко упатство за нивно користење? (одговорено од Градоначалник)

4.Дали општината ќе побара од „Пакомак“ (контејнери за пластика, лименки и хартија) поредовно празнење на контејнерите? Тие многу често се преполнети и граѓаните го оставаат отпадот покрај нив. Исто така проблем е и со контејнерите за стакло, отворите се многу мали за поголеми количества шишиња. Дали може да се обезбеди решение за стаклената амбалажа од угостителските објекти? (одговорено од Градоначалник)

5.Отворениот канал со отпадна вода од фабриката за масло во близина на ЈКП „Дервен“ шири непријатна миризба, дали Општина Велес ќе побара да се реши проблемот? Дали до сега е извршен инспекциски увид и што е утврдено, кој е надлежен за санација на каналот?(одговорено од Градоначалник)

Анета Стајиќ

1.Фабрика Киро Ќучук со две градежни парцели, советот треба да има инфо дали зад оваа локација има интерес, дали сте имале разговори, средби или писмена комуникација со домашен или странски инвеститор за изградба на дата центар за просторот кај поранешната фабрика Киро Ќучук ? Дали во процесот на финансирање на овој ДУП Општината имала сознание за конкретна

инвестиција за која биле потребни параметрите што сега ги овозможува планот? (одговорено од Градоначалник).

Мирјана Петрушевска Савова

1.Шутот кај река Вардар од стар мост десно кај Малина, кога ќе се санира? Шутот влегува во реката Вардар. Дали ЈКП Дервен ќе го реши проблемот? (одговорено од Градоначалник)

2.Изметот од запрежните коли најмногу кај пазарот и на ул.Боге Николовски, Цветан Арсов, Коле Цветков, Ордан Џинот... Но запрежните коли поминуваат и по целиот град и оставаат измет. Дали Општината може да донесе некоја мерка каде што ќе се задолжат сопствениците на овие коли да стават платно измеѓу животните и колата да изметот да не паѓа на улиците? (одговорено)

3.Што се случило со скитниците кои престојуваат кај градските тоалети на Градскиот пазар? Дали е во ред да престојуваат близу пазар каде што се продава храна? Притоа има многу отпад што го оставаат зад нив. Дали може да се превземе нешто во врска со тоа додека е време? (писмено треба да се одговори)

Игор Стојанов

1.Во врска со Питијадата, кои изведувачи ќе настапат, дали ќе се продолжи со истиот концепт, дали останува истата локација, времетраењето на Питијадата? (одговорено)

Лилија Чолакова-Дервишова

1.На ул.Луј Пастер има многу паркирани возила на таа улица, улицата е блокирана, граѓаните се жалат...Дали ќе се превземе нешто да се реши проблемот? (одговорено)

2.Дали кај училиштето „Св. Кирил и Методиј“ се пере улицата? (одговорено)

3.Колку треба да плаќаат резидентите на зградите за да имаат слободно паркинг место? (одговорено).

ТОЧКА 2.Предлог-одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес по повод одржувањето на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино-Питијада“

Изабела Апцева, член на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администација, Анита Пивкова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Мирјана Петрушевска Савова

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 17 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес по повод одржувањето на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино-Питијада.

ТОЧКА 3.Предлог - одлука за утврдување на висината на надоместокот и начинот на доделување на локациите за време на одржување на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - Питијада“

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администатација, Александра Иванова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 17 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Одлука за утврдување на висината на надоместокот и начинот на доделување налокациите за време на одржување на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - Питијада“.

ТОЧКА 4.Предлог– одлука за отстапување на правото на реализирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“

Изабела Апцева, член на Комисијата за статут и прописи поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Верица Тодоровска Дацева, беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се донесе Одлуката за отстапување на правото на реализирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“.

ТОЧКА 5.Предлог - одлука за донесување на ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО Велес, Општина Велес

По оваа точка поднесен е Амандман од страна на Градоначалникот со бр.08-3727/4 од 09.09.2026 година.

Изабела Апцева, член на Комисијата за статут и прописи поднесе извештај за Амандманот.

Од страна на овластениот претставник на Општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување по однос на Амандманот.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа, прашања, реплика и контрареплика се јавија: Анета Стајиќ, Јованче Манасков, Елизабета Митревска Анѓелеска.

Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

Кон расправата се приклучи и градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 17 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за донесување на ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО Велес, Општина Велес.

ТОЧКА 6.Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 17 од ДУП: измена и дополнување на детален урбанистички план Речани - Зона 2 - Велес со намена А1 – Домување во куќи, Општина Велес

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување по оваа точка.

Се отвори расправа.

За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 18 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 17 од ДУП: измена и дополнување на детален урбанистички план Речани - Зона 2 - Велес со намена А1 – Домување во куќи, Општина Велес.

ТОЧКА 7.Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1108 КО Башино Село, Општина Велес

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување по оваа точка.

Се отвори расправа.

За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 18 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1108 КО Башино Село, Општина Велес.

ТОЧКА 8.Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1109 КО Башино Село, Општина Велес

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 18 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1109 КО Башино Село, Општина Велес.

ТОЧКА 9.Предлог – решение за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозник Ален 2000 ДООЕЛ

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на сопственикот на Ален 2000 ДООЕЛ, Умер Калач беше дадено појаснување по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа и прашање се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставеното прашање даде сопственикот на Ален 2000 ДООЕЛ.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 18 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Решението за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозник Ален 2000 ДООЕЛ.

ТОЧКА 10.Предлог – одлука за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес

Изабела Апцева, член на Комисијата за статут и прописи поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на секретарот на Општина Велес, Панче Јанев беше дадено појаснување по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа, прашања, дискусија, реплика и контрареплика се јавија: Анета Стајиќ и Маја Демерџиева.

Одговор на поставените прашања даде секретарот на Општина Велес.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 16 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес.

ТОЧКА 11. Извештај за финансиски резултати на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ Велес, Златко Стојковски беше дадено појаснување по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа и прашања се јавија: Маја Демерџиева, Јованче Манасков и Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде директорот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 16 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се усвои Извештајот за финансиски резултати на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година.

ТОЧКА 12. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес за 2027 година

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ Велес, Златко Стојковски беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа, прашања и реплика се јавија:Мирјана Петрушевска Савова и Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде директорот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 16 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Решението за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес за 2027 година.

ТОЧКА 13.Годишен извештај за работата на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес во учебната 2025/2026 година

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес, Васко Трајковски беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 17 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ (членот Нада Јованова се иззема од гласање) се усвои Извештајот за работата на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес во учебната 2025/2026 година.

ТОЧКА 14.Предлог – Годишна програма за работа на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2026/2027 година

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес, Васко Трајковски беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 17 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ (членот Нада Јованова се иззема од гласање) се усвои Годишната програма за работа на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2026/2027 година.

ТОЧКА 15.Годишен извештај за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес во учебната 2025/2026 година

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес, Илија Попов беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
На расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 17 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се усвои Годишниот извештај за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес во учебната 2025/2026 година.

ТОЧКА 16.Предлог – Годишна програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес за учебната 2026/2027 година;

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес, Илија Попов беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 17 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“, се усвои Годишната програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес за учебната 2026/2027 година.

ТОЧКА 17.Годишен извештај за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес во учебната 2025/2026 година

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес, Горан Јанков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 15 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ (членовите Нада Јованова, Селма Амедоска и Благојка Наунова се изземаат од гласање) се усвои Годишниот извештај за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес во учебната 2025/2026 година.

ТОЧКА 18.Предлог – Годишна програма за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес за учебната 2026/2027 година

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес, Горан Јанков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 15 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ (членовите Нада Јованова, Селма Амедоска и Благојка Наунова се изземаат од гласање) се усвои Годишната програма за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес за учебната 2026/2027 година.

ТОЧКА 19.Извештај за финансиски резултати на ЈКП „Дервен“ за период од I до VI месец 2026 година

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на финансовиот директор на ЈКП „Дервен“ – Велес, Васил Николов беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија, прашања, реплика и контрареплика се јавија: Маја Демерџиева, Анета Стајиќ, Слободан Ников, Јованче Манасков и Мирјана Петрушевска Савова.

Одговор на поставените прашања даде финансовиот директор.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 14 гласа „за“ и 5 гласа „против“ (членовите Благојка Наунова и Весна Атанасовска се изземаат од гласање) се усвои Извештајот за финансиски резултати на ЈКП „Дервен“ за период од I до VI месец 2026 година.

ТОЧКА 20.Предлог – решение за разрешување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 16 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Решението за разрешување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес, со кое се разрешува лицето Цветанчо Тодоровски.

ТОЧКА 21.Предлог – решение за именување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија се јави:Слободан Ников

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 16 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Решението за именување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес, со кое се изменува лицето Јасмина Дамјановска.

ТОЧКА 22.Предлог– решение за разрешување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 14 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ (членовите Весна Атанасовска и Благојка Наунова се изземаат) се донесе Решението за разрешување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, со кое се разрешува лицето Зорица Миладиновска.

ТОЧКА 23.Предлог – решение за именување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 14 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ (членовите Весна Атанасовска и Благојка Наунова се изземаат од гласање) се донесе Решението за именување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, со кое се именува лицето Татјана Темелковска.

ТОЧКА 24.Предлог – решение за разрешување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа
За расправа прашања, реплика и контрареплика се јавија: Елизабета Митревска Анѓелеска и Јованче Манасков.
Одговор на прашањата даде Елизабета Митревска Анѓелеска.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 14 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ (членовите Весна Атанасовска и Благојка Наунова се изземаат од гласање) се донесе Решението за разрешување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес се кое се разрешуваат лицата Зорица Миладиновска и Благојка Наунова.

ТОЧКА 25.Предлог – решение за именување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 14 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ (членовите Весна Атанасовска и Благојка Наунова се изземаат од гласање) се донесе Решението за именување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес со кое се именуваат лицата: Татјана Темелковска и Анѓел Јованов.

Седницата беше закажана за во 10:00 часот, започна со работа во 10:18, а заврши во 16:12 часот.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-
.09.2026 година
Велес